**„Анализа на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките доенчињата во Република Северна Македонија 2023-2024 година“**

Август

2024

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ……………………………………………………………………………………………………………3

МЕТОДОЛОГИЈА………………………………………………………………………………………………4

МЕРКИ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА НА НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ДО 1 ГОДИШНА ВОЗРАСТ……………………………………………………………………………………………………5

МЕРКИ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ, БЕЗ ОГЛЕД НА ВОЗРАСТА, ДОКОЛКУ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ДРУГА ПРОГРАМА ИМ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ВРСКА СО ЛЕКУВАЊЕТО НА СЛЕДНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА…………………………………6

НАОДИ……………………………………………………………………………………………………………7

БУЏЕТСКИ КОМПАРАТИВНИ ИМПЛИКАЦИИ ЗА 2023/2024 ГОДИНА……………………………………15

*ЗАКЛУЧОЦИ……………………………………………………………………………………………………17*

ПРЕПОРАКИ……………………………………………………………………………………………………18

ПРЕДИЗВИЦИ И ПРЕПОРАКИ НА ПРИВАТНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА БиМ „МАЈКА“ ГИНЕКОЛОГ Д-Р. ЛАМБЕ КРСТЕСКИ……………………………………………………………………………………………19

## *ВОВЕД*

Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата обезбедува здравствена заштита за определени заболувања како и за грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на родилките и на доенчињата. За потребите на  оваа Програма се издвојуваат средства за партиципација при користењето на здравствени услуги на товар на Буџетот на Република Северна Македонија и приходи од Министерство за здравство.

**МЕТОДОЛОГИЈА**

Оваа анализа  содржи квалитативни и квантитативни податоци, со фокус на бремените жени, родилките и доенчињата до 1 година во Скопје, Штип и Куманово.Преку барање за пристап до информации од јавен карактер испратени се  до следите институции: Фонд за здравствено осигурување, Министерство за здравство, Градска општа болница 8-ми септември, ЈЗУ Завод за нефрологија Струга, ПЗУ Диамед Македонија-Центар за дијализа, Специјална болница по нефрологија со дијализа Диамед Скопје, Центар за дијализа Систина Нефроплус Кавадарци, ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија.Како одговор на на испратените барања за информации беше добиен само од Министерство за здравство каде што ни наведоа дека средтсвата за малигни заболувања се намалени од Владата на РСМ во износ од 3.000.000,00 денари. Во однос на теренското истражување го спроведувме во 3 градови и тоа: Скопје, Куманово и Штип со жени Ромки кои се во репродуктивен период, прашалникот се состоеше со прашања поврзани со ефективноста и пристапноста ка Програмите насочени кој Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во РСМ за 2023/2024 година. Со ова истражување беа опфатени вкупно 50 жени  кои се ,бремени или породени до 6 месеци. Оваа анализа ги содржи и препораките од оддржаните 3 граѓански форуми, во градовите: Скопје ,Куманово и Штип со лица од заедницата.

Во подготовката на анализата беа земени  во предвид  мерките предвидени со Програмата и тоа:

## МЕРКИ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМА НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ДО 1 ГОДИШНА ВОЗРАСТ, ЗА СЛЕДНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ:

- интрапартална заштита на родилки (неоперативно и оперативно породување) за неоперативно породување обезбедни се средства по лице 1.250 денари вкупно 2.000.000,00 денари. Оперативно породување обезбедни се средства по лице 3.200 денари

- специјалистички лекарски прегледи на доенчиња до една година обезбедни се средства по лице 40 денари вкупно 500.000,00 денри.

- ортопедски лекарски преглед со ЕХО на доенчиња до една година обезбедни се средства по лице 40 денари вкупно 500.000,00 денри.
- лекување на доенчиња до една година во болнички услови обезбедни се вкупно 3.000.000,00 денари.

Интрапартална заштита на родилки

а) неоперативно породување – x 1.250 денари

б) оперативно породување-царски рез – x 3.200 2.000.000,00 4.000.000,00

2. Специјалистички лекарски прегледи на доенчиња до 1 година - x 40 денари 500.000,00 3.

3. Лекарски ортопедски преглед со ЕХО на доенчиња до 1 година – x 40 денари 500.000,00 4.

4. Лекување на доенчиња до една година во болнички услови 3.000.000,00 Вкупно: 10.000.000,00

**МЕРКИ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ, БЕЗ ОГЛЕД НА ВОЗРАСТА, ДОКОЛКУ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ДРУГА ПРОГРАМА ИМ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ВРСКА СО ЛЕКУВАЊЕТО НА СЛЕДНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА:**

Испитувања за време на бременост
- здравствени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита.

Обезбедни се бкупно 12.000.000,00 денари

Спроведени се 50 теренски посети и интервјуа со жени коишто се бремени и породени во текот на 2023 година. Интервјуата беа спроведени на територија на Град Скопје, Куманово и Штип. Преку претходно изготвен прашалник беа интервјуирани жени Ромки.

Преку барање за пристап до информации од јавен карактер прибрани се податоци од Министерство за здравство.кои се имплементатори на предвидени мерки од Програмата за партиципација. Добиени одговори се од следниве институции: Министерство за здравство, Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Препораките во оваа анализа ги вклучуваат  препораките и од заедницата од истражувањето и 3 граѓански форуми оддржани во Скопје, Куманово и Штип.

За потребите на оваа анализа спроведено е 1 интервју со гинеколог Др Ламбе Крстевски.

Наодите од спроведената анализа ќе можат да се искористат за унапредување на пристапот до здравствените услуги на националните и локалните програми за Ромите во Република  Северна Македонија.

**НАОДИ**

Од Вкупниот број на 50 испитанички, 22 жени (44%) живеат на територија на Скопје, 15 жени (30%) испитанички живеат во Штип и 13 жени (26%) испитанички живеат во Куманово.

Од анкетираните: 8 жени (16 %) се под 18 годишна возраст, 15 жени (30%) се од 18–25 години, 23 жени (46 %) се од 26-35години, 3 жени (6%) се од 36–45  годишна возраст и 1 жена (2%) над 45 години .

Од анкетираните испитанички 88 % имаат здравствено осигурување додека 12% се без здравствено осигурување. Причините поради кои анкетираните лица немаат  здравствено осигурување се изгубено право по основ на невработеност 3% и немање на лични 9% документи.

Сите здравствено осигурани испитанички (88 %) имаат избрано матичен гинеколог, додека здравствено неосигураните (12 %) немаат матичен гинеколог.

Од вкупниот број на испитанички, 11 испитанички се бремени и 39 се породени во последните 6 месеци од 2024 година.

-Само 10 жени(20 %) од испитаничките кои се  здравствено осигурани услугите кај матичниот гинеколог ги добиваат бесплатно, додека 40 жени (80 %) од нив плаќаат за дел од услугите.




Редовни прегледи и контроли во текот на бременоста имаат направено 48 жени (96 %) од испитаничките, додека 2 жени (4%) немааат.




Согласно Програмата за партиципација и Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца прегледите и анализите во текот на бременоста и породувањето следуваат бесплатно, меѓутоа испитаничките ги дадоа следниве одговори:




Услугата за ехо преглед од вкупниот број на испитанички е наплатена кај  40 (80%)  жени и 10 (20%) жени ја добија бесплатно.

Услугата, микробиолошки брис од вкупниот број на испитанички,им беше наплатена на 41(82%) жени додека  само 9 (18%) жени ја добија бесплатно.

- Услугата,Пап тест 39 (78%) жени ја платиле,  додека 10 (20%) жени ја добија бесплатно услугата и 1 (2%) жени воопшто не ја извршија оваа услуга од вкупниот број на испитанички.

Услугата, лабораториски анализи во текот на бременоста им беше наплатена на  46 (92%) жени , а  само 4 (8%) жена ја добиле  бесплатно во периодот на бременоста.

Услугата одредување на RH фактор, од вкупниот број на анкетирани жени им беше наплатена на  44 (88%)  жени платија,  додека само на 4 (8%) од жени целосно ја извршија бесплатно и 2 (4%) жени не ја направија оваа анализа.

Услугата следење и мерење на крвен притисок во текот на бременоста им беше наплатена на 4 (8%) жени  додека пак 44(88%) ја добија бесплатно и 2 (4%) од жените не ја добиле.

- Следење и мерење на телесна тежина во периодот на бременоста им беше наплатена на 2 (4%) жени ,  додека 47 (94%) жени бесплатно ја добиле оваа услуга и 1 (2%) жена не ја добила услугата за  мерење на телесна тежина.

9. Дали при секој преглед за кој плативте одреден износ ви беше издадена фискална сметка?

50 responses




За услугите за кои им било наплатено, 72 % од вкупниот број на испитаничките одговорија дека не им е издадена фискална сметка за наплатената услуга, а само 28 % добиле фискална сметка за истото.

Во однос на информираноста за постоењето на мерките предвидени во текот на бременоста и породувањето како и прегледите за новороденчињата до 1 година кои се предвидени со Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките, само 8 % од испитаничките одговорија дека слушнале или знаат дека постојат одредени мерки, додека 92 % воопшто не се запознаени.

10. Дали знаете дека постои програма за заштита на родилки при породување?

50 responses



Како причини за неинформираноста за постоењето на мерките во Програмата, испитаничките најчесто ги посочуваат следните причини:

„Не сум чула досега ниту по медиуми, ниту во ординациите“

„Ова ми е второ дете и првпат слушам за ова“

На прашањето колку од матичните гинеколози информираат за Програмата за партиципација и заштита на родилки, испитаничките ни одговорија




- Од сите анкетирани жени кои веќе се породени ( вкупно 39 жени), 31 жена (80%) се неоперативно породени (по природен пат ) додека 8 жени (20%) се породени оперативно (царски рез).

Од породените испитанички, 98 % не платиле за породувањето во јавна државна установа, а 2% платиле во приватна болница по нивни избор.




Од породените испитанички, за специјалистички преглед на нивните новороденчиња имале потреба 31 жена (82%) додека 8 жени (18 % )немале ваква потреба.




Од вкупниот број на породени испитанички кои имале потреба од специјалистички прегледи за нивните новороденчиња, само 4 жени (13 %) платиле за ваквите прегледи, додека 27 (87 % )ја добиле услугата бесплатно.
*-Жените кои изјавија дека платија за здравствените услуги на нивното новороденче се за специјалистичко и болничко лекување*).




- Согласно Програмата за партиципација, предвиден е и беплатен ортопедски преглед за новороденчињата, а согласно информациите кои ги добивме со анкетирањето,искористеноста е следнава:




Ваквата услуга ја имаат искористено 27жени (70%) од  вкупниот број на породени испитанички, 12 жени (30%) сеуште ја немаат искористено.




- Од вкупниот број на испитаничките кои имаа направено ортопедски преглед услугата ја имаат 25 жени (94%)бесплатно додека останатите2 жени или( 6%) ги имаат платено во друга приватна клиника поради немање на термин во јавните установи.

Како причините за неизвршените прегледи кои се предвидени во Програмата за партиципација се наведуваат следниве:

Тие испитанички 12 жени ( коишто немаат направено ортопедски прегледи како причини наведуваат дека немаат информации дека во текот на првата година следува задолжителен ортопедски преглед за новороденче.




-Бесплатно лекување на доенчиња до 1 годишна возраст е во рамки на програмата за партиципација и како таква мерка испитаничките ни одговорија дека 12 % ја искористиле оваа мерка бесплатно, додека 88 % немале потреба од користење на истата.

**БУЏЕТСКИ КОМПАРАТИВНИ ИМПЛИАКЦИИ ЗА 2023/2024 ГОДИНА**

- За здравствена заштита на родилките и доенчиња до 1-на годишна возраст, по точка 1. од оваа програма, потребни се средства за:

| | |
|---|---|
| 1. Интрапартална заштита на родилки | |
| а) неоперативно породување - х 1.250 денари<br>б) оперативно породување-царски рез - х 3.200 | 2.000.000,00 денари<br>4.000.000,00 денари |
| 2. Специјалистички лекарски прегледи на доенчиња до 1 година - х 40 денари | 500.000,00 денари |
| 3. Лекарски ортопедски преглед со ЕХО на доенчиња до 1 година - х 40 денари | 500.000,00 денари |
| 4. Лекување на доенчиња до една година во болнички услови | 3.000.000,00 денари |
| **Вкупно:** | **10.000.000,00 денари** |

Во Програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2023 година беа наменети 68.000.000 денари, додека во 2024 година се **намалени** за 3.000.000 и вкупниот буџет изнесува 65.000.000 денари.

-Намалувањето на буџетот се забележува во  мерката: 5. МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА

**Во 2023 година** Партиципација за осигурени лица (лекување и контролни прегледи) - х 6000,00 денари максимум вкупно 30.960.000,00 денари

**Во 2024 година** Партиципација за осигурени лица (лекување и контролни прегледи) - х 6000,00 денари максимум вкупно 27.960.000,00 денари

Намалувањето е направено кај малигни заболувања од ставка 5. од оваа програма

Во однос на буџетските импликации не постојат транспарентни информации за следење на искористеноста на буџетските средства ниту постојат извештаи со детален финански годишен приказ за искористеност.

Во однос на искористеноста и буџетските импликации побарани се информации од јавен карактер од Министерство за здравство како одговор е наведено;

Во врска со нашето Барање за информации од јавен карактер ни одговорија дека сите финансиски средства од мерката НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ДО 1 ГОДИШНА ВОЗРАСТ се потрошени како што се предвидени во самата Програма.

Во однос за тоа колку жени Ромки се породени во текот на 2023 година не ни дадоа одговор поради тоа што немаат дата база.

Изостануваат и конкретни информации од страна на имплементаторите(родилишта, лаборатории и јавни здравствени домови) на мерките предвидени од Програмата за партиципација.

Од спроведениот јавен граѓански форум се потврдија податоците од теренското истражување, а кои се поврзани со Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита кај родилките, доенчињата во Република Северна Македонија 2023/2024 година.

На самиот граѓански форум беа изнесени ситуации од страна на учесниците со кои што како проблем се соочуваат и тоа за лабораториски испитувања и лекување на доенчиња до 1 година. Преку дискусија беа изнесени следниве примери од заедницата:

„Додека бев бремена ми наплатија за да ми испитаат скриен шекер, и за тоа платив околу 1500 или 2000 денари.“

„Секој месец плакав за крвна слика додека бев бремена“

„За време додека се пораѓав, во родилната сала лежев скоро цел ден без да ме праша никој како сум додека тие што беа „преку врски“ имаа поинаков третман“

„Моето дете е со вродена срцева аномалија, и има 7 месеци, треба да се оперира но ми ми кажаа дека треба да се плати операцијата“

„За овие права кои ни следуваат никој не ни каќува кога одиме на лекар или во болница, само ни бараат пари“

## ЗАКЛУЧОЦИ

Заклучоци од  теренското истражување, граѓанскиот форум и добиените информации преку барање за пристап од јавен карактер:

**- Согласно теренското истражување се добива впечаток дека одредени мерки предвидени од мерката од Програмата за партиципација не се имплементираат во целост и тоа:**

Анализите во текот на бременоста не се вршат бесплатно, породувањето се извршува во целост бесплатно, но сепак постојат одредени  сведоштва од терен на породени жени [1]кои укажуваат на незадоволство на родилките за време на породувањето и тоа најмногу како нееднаков третман при породување.

Согласно граѓанскиот форум се добива заклучок за слаба информираност околу Програмата за партиципација и тоа најмногу во делот за мерката за бесплатно лекување за доенчиња до 1 годишна возраст вклучително и во болнички услови.

Како заклучок се стекнува и нееднаквиот третман при породување и антенатално лекување на бремените Ромки во болничките установи.

Заклучокот од  добиените одговори од страна на институциите задолжени за имплементација на мерките од Програмата укажуваат на слаба соработка со Граѓанските организации кои делуваат на унапредување на здравствените права на ромската заедница.

Министерство за здравство не располага со јавни достапни  информации за имплементација на мерките предвидени со Програмата како и немање на соодветна дата-база по етничка припадност. Одговорите од страна на Министерство за здравство не се целосно оправдани согласно потрошените буџетски средства предвидени со Програмата за Партиципација за 2023година и 2024 година.

**ПРЕПОРАКИ:**

Спроведување едукации за елиминација на сите облици на дискриминација како и за

---

[1] https://zenisutoorizari.org.mk/%d0%ba%d0%be%d0%bc%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%b0%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%bd%d0%b0-%d0%b0%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d0%b7%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bf%d0%be%d1%82-%d0%b8-%d1%83/

надминување на стереотипите и предрасудите кон ромската заедница наменети заздравствените работници;

Дефинирање системски пакет на услуги за жените што се во репродуктивен период како и за бремените жени, особено за жените што се во социјален ризик за елиминација на незаконската наплата од одредени матични гинеколози;

Обрасците/ потврдите за редовно контролирана бременост и утврдување на редослед на бременост  кои ги пополнува матичниот лекар да бидат бесплатни, бидејќи голем дел од матичните гинеколози им наплаќаат на жените при издавање на потребната потврда.;

Една од препораките беше и да се обезбеди редовна инсулинска терапија за лицата кои се болни од дијабетес, бидејќи долго време нема инсулини па изостануваат од потребаната терапија.

-Матичните гинеколози треба да ги почитуваат мерките за вршење на бесплатни гинеколошки прегледи предвидени од оваа Програма

Вработување на здравствени работници, припадници на ромската заедница во јавните здравствени установи се со цел надминување на јазичните бариери;

Сите задолжителни прегледи за деца кои се до една годишна возраст да бидат целосно бесплатни и достапни;

Усогласување/ зголемување  на буџетски средства во мерките за опфат, предвидени со Програмата за партиципација наменети за бремените и породените жени;

Јавно достапни и транспарентни информации на веб-страната на Министерство за здравство за искористените мерки и буџетски импликации за мерките од Програмата за партиципација;

Да се постави Ром/ка во делот на здравството кој што ќе може да им помогне на Ромите и Ромките и ќе помогне со намалување на јазичните бариери;

Се препорачи и да има Роми/ки здравствени медијатори стационирани во болниците кои што ќе може ги насочат Ромските бремени жени и за да се олесни процесот, ова не беше препорачено во болниците туку и во другите иситуции;

Потребна е женска ромска невладина организација во градот Штип каде што граѓаните ќе може да се обратат за да добијат помош како да си го остварат нивното право.

## ПРЕДИЗВИЦИ И ПРЕПОРАКИ НА ПРИВАТНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА БИМ „МАЈКА“ ГИНЕКОЛОГ Д-Р. ЛАМБЕ КРСТЕСКИ

Здружение Иницијатива за правата на жените постојано алармира за проблемот со немање на матичен гинеколог во општина Шуто Оризари кое доведува до смртен исход на родилките и новородчињата.

Гинеколошката ординација на Д-р. Ламбе Крстески во Амбулантата во Шуто Оризари започна со работа на ден 10.11.2022 година. Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари и граѓанските организации кои делуваат во Шуто Оризари активно застапуваа за решавање на проблемот со гинеколошката ординација.

НВО „Ромалитико"-Институт за истражување и политички анализи со цел мотивација  на гинеколошката ординација помогна во финансирање   на ромска медицинска сестра во првите шест месеци се со цел надминување на јазичните бариери и пружење на медицински услуги. По истекот,медицинската сестра продолќи и е вработена во гинеколошка акушерска ординација самостојно.

-Ординацијата БиМ „Мајка" добива месечни средства во износ од 15.000 МКД. Во рамки на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца. Овој износ беше шредвиден и во 2023 и 2024 година.

Во моментов гинеколошката ординација располага со околу 1900 пациентки коишто се регистрирани во оваа ординација за кои се добива капитација по пациент од страна на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

На ден 05.08.2024 година направивме интервју со Др Ламе Крстевски како главни предизвици во разговорот се истакнуваат:

Финансиска оддржливост- имено оваа ординација нема доволно финансиска моќ бидејки мал е бројот на пациентки кои се регистрирани и постојано се одјавуваат од ординацијата и се регистрираат во други ординации.

(Од теренските активности Здружение Иницијатива за правата на жеените од Ш.О има сознанија но често од жените се жртва на манипулација од страна на одредини ординации кои ја користат неинформираноста на жените ромки, потоа како причина се издвојува и религиското убедување односно преферираат гинеколошки преглед кај жена-гинеколог).

Ваквото незадоволство допринесе на тоа Др Ламбе Крстевски да го најави затворањето на ординацијата и писмено достави барање за средба со Министерство за здравство.

Препорака:

Постојат реални потреби за зголемување на  финансиките средства предвидени во мерката 6.9 од Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца од сегашните 15.000 денари на 40.000 денари. Овие средства може да се обезбедат од средстствата наменети за буџет за здравство од Стратегија за инклузија на Роми 2023-2030 година.